Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. " број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, донесе:

# ОДЛУКА

**За организирање на повторна Јавна анкета и Јавната презентација по Одлуката за утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**член 1**

Со оваа одлука се организира **повторна Јавна анкета и Јавна презентација за Нацрт Детален Урбанистички План за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров - Скопје,** утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров на 13.06.2014година со одлука број 07- 1912/9.

**член 2**

Соопштението за организирање на **повторна Јавна анкета** ќе биде објавено во Јавните гласила **„Нова Македонија" и "Утрински весник"** и веб сајтот на Општина Ѓорче Петров **www.opstinagpetrov.gov.mk.**

**член 3**

**Јавната анкета ќе трае 10 работни дена** од денот на објавување на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа одлука.

**член 4**

**Повторната Јавна анкета и Јавна презентација за утврдениот Нацрт Детален Урбанистички План за Градска четврт СЗ 18, Општина Ѓорче Петров - Скопје, ќе се спроведе со излагање на утврдениот Нацрт план во просториите на У.З. " Ѓорче Петров" – Општина Ѓорче Петров .**

**член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број 08-4998/1**
**28.11.2014 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**